Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-1846/12
20-09-2021 год.
Скопје

Врз основа на член 120 од Законот за високо образование (Сл.Весник на РМ бр. 82/2018), а во врска со член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/19), Деканатската управа на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата I редовна седница, одржана на 20. IX 2021 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за измена и дополнување на одлуката за определување службено лице за посредување со информации

### Член 1

Во одлуката за определување службено лице за посредување со информации со арх. бр. 02-2437/19 од 29.XII 2017 година, се врши следнава измена и дополнувања и тоа:

- Во член 1 став 1 се брише: „Василка Наумоска, соработник за човечки ресурси во Одделението за правни и општи работи на Филозофскиот факултет Скопје "
- и се впишува: **„Василка Наумоска, Советник за човечки ресурси во Одделението за човечки ресурси и настава на Филозофскиот факултет Скопје."**

### Член 2

Во одлуката за определување службено лице за посредување со информации со арх. бр. 02-2437/19 од 29.XII 2017 година, се врши следнава измена и дополнувања и тоа:

- Во член 3 се брише: „Службеното лице за посредување со информации, по добивањето на барањето формира предмет со сите релевантни податоци со предлог до Деканот да се даде целосна или делумна информација или да се одбие барањето за пристап до информации согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер."
- Во член 3 се впишува: **„Постапката по барањето за пристап до информации кај имателот на информации ја спроведува службеното лице за посредување со информации при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер."**

### Член 3

Во одлуката за определување службено лице за посредување со информации со арх. бр. 02-2437/19 од 29.XII 2017 година, се врши следнава измена и дополнувања и тоа:

- Во член 4 се брише: „Деканот или по негово овластување продеканите или секретарот соработуваат со службеното лице за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер"

- Во член 4 се впишува: **„Деканот и вработените лица кои ги имаат бараните информации се должни да соработуваат со службеното лице за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.“**

**Член 4**

Сите останати одредби кои не се изменети од одлуката за определување службено лице за посредување со информации бр. 02-2437/19 од 23.XII.2010 година, останувааат во важност и се применуваат и понатаму.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно потребата за назначување на службено лице за посредување со информации на Филозофскиот факултет Скопје, а во врска со член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/19) како и утврдената фактичка состојба, се донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваната, деканот, продеканите, Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни и општи работи, и архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филозофски факултет

Проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ